МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Октомври 2010
БРОЈ 110

## Граѓанското општество и Владата на патот кон ЕУ

Соработката меѓу граѓанското општество и Владата во процесот на ЕУ интеграцијата беше темата на конференцијата која се одржа на 21 октомври во Приштина, Косово, во организација на Косовската фондација за граѓанско општество. На конференцијата учествуваше и Бесим Беќај, Министер за европска интеграција (МЕИ) на Косово.

Учесниците од регионот ги споделија искуствата од своите земји: Сашо Клековски, МЦМС, за Македонија; Игор Видачак, Оддел за соработка со ГО, за Хрватска и Далиборка Уљаревиќ, Центар за граѓанско образование, за Црна Гора.

Конференцијата е придонес во градењето на политиките за соработка на граѓанското општество и Владата во Косово и почеток на нова соработка меѓу МЕИ и граѓанското општество на Косово.

## Нова раководителка на одделението за граѓанско општество

Следните четири години Емина Нурединоска ќе ја извршува функцијата раководител на одделението за граѓанско општество на МЦМС.

Во постапката за избор на раководител, Одборот на директори распиша внатрешен оглас и одржа јавно сослушување на кандидатот, на кое колегите имаа можност да поставуваат прашања. На 19 октомври 2010 година, Емина Нурединоска беше избрана на позицијата раководител.

Нурединоска е магистер по меѓународно право. Магистрираше на темата: „Слободата на здружување како човеково право во демократијата" на Правниот факултет „Јустинијан I" во Скопје.



# Нов водовод за 11 населени места во општина Јегуновце



*Крај на проблемите со вода за Јегуновчани*

На 23 октомври 2010 година во Јегуновце беше пуштен во употреба новиот водовод со кој доволни количини здрава вода за пиење ќе добијат речиси 8.500 жители на 11 населени места во општината Јегуновце.

Завршувањето на овој водовод, ќе стави крај на проблемите на жителите со бактериолошки неисправна вода која може да го загрози нивното здравје.

Со проектот е изграден цевковод во должина од 17.507 метри од с. Јегуновце до с. Ратае; два резервоари со зафатнина од по 300 м3 во Јегуновце; истражни и експолатациски бунар итн.

„Нашите граѓани го чувствуваат овој проект како свој", рече Тони Коцески, градоначалник на општината Јегуновце. Тој им се заблагодари на граѓаните кои овозможиле без надомест да помине трасата на водоводот низ нивниот приватен имот.

Финансиите за изградба на водоводот се обезбедени од Кралството Норвешка и Владата на Република Македонија. Со 650.000 евра обезбедени од Владата на Кралството Норвешка преку норвешката Асоцијација на локални и регионални власт (КС) раководеше МЦМС. Владата обезбеди вкупно 500.000 евра и тоа 200.000 за завршување на овој, регионален водовод и уште 300.000 за секундарна мрежа во дел од селата во општината Јегуновце. „Чиста вода за сите е предуслов за благосостојба и просперитет", рече во своето обраќање норвешкиот амбасадор, Кјетил Паулсен. „Официјалното отворање на водоводот е датум што ќе се памети", додаде тој.

На отворањето се обрати премиерот на Владата на РМ, Никола Груевски. „Овој проект, како и многу други што ги поддржуваме, јасно говори за посветеноста на Владата да ги решава проблемите на граѓаните", рече тој. „Предизвикот за жителите на Јегуновце допрва престои", рече во своето обраќање Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС, „тој е одразен во слоганот 'Чиста сметка – здрава вода'. Се надевам дека овој тригодишен труд ќе се одржува како што треба", додаде тој.

Водоводот во употреба го пуштија премиерот Никола Груевски, амбасадорот Кјетил Паулсен и градоначалникот на општина Јегуновце, Тони Коцески.

## Подобра перцепција за својата организација




МЦМС втор пат го спроведува Цивикус – Индексот на граѓанското општество (ИГО). Како дел од истражувањето, МЦМС спроведе анкетата со граѓански организации за нивната перцепција за работењето и управувањето на граѓанското општество.

Анкетата покажа дека Граѓанското општество има ограничено влијание на општествените проблеми (33,5%). Влијанието е високо врз оспособувањето на граѓаните (78,9%) и обезбедувањето услуги за општествените потреби (54,6%).

Што се однесува до околината во која делуваат, граѓанските организации перципираат овозможувачка законска регулатива. Кај практикувањето вредности, граѓанските организации имаат високо мислење за својата демократичност, а на високо ниво се и организациските практики и транспарентноста. Големо мнозинство (84 %) имаат стратегии за работа за следните 3 до 5 години; 89 % велат дека финансиските извештаи се јавно достапни.

Граѓанските организации перципираат дека имаат структура за добро управување. Одржливоста на граѓанските организации останува да биде предизвик. Анкетата покажа дека граѓанските организации немаат став за фондовите на Европската Унија и немаат доволен капацитет за нивно користење.

Во целата анализа може да се види подобра самоперцепција за сопствената организација од таа за граѓанското општество. Јазовите се јавуваат во практикување вредности, како демократија и транспарентност и во постигнатото влијание врз општествените проблеми и јавните политики и изнесуваат од 17,4% до 22,3%. Организациите сметаат дека имаат подобри вредности и се поуспешни од граѓанското општество во целина за 19,3 %. Разликите во оценката се очекувани, но величината на разликата во овој случај укажува на повисоко ниво на субјективност.

Истражувањето е спроведено со интервјуа со претставници на 161 граѓанска организација во април и мај 2010 г.

## Заврши форумскиот процес во Аеродром

На 28 октомври оваа година, во ОУ „Браќа Миладиновци", во Скопје, се одржа последната форумска сесија, во рамките на програмата Форуми во заедницата во општина Аеродром.

На сесијата, пред околу 90 граѓани, беше презентирано како течеше целиот форумски процес, реализираните проекти, како и препораките од граѓаните упатени до општина Аеродром.

Во периодот од октомври 2009 до април 2010 година се одржаа 7 форумски сесии, на кои во процесот учествуваа по 120 учесници. Од предлог идеите, жителите на општината ги изгласаа проектите: реконструкција на прозорци и врати во основните училишта „Блаже Конески", „Браќа Миладиновци", „Гоце Делчев" и градинката „Изворче".Беа заменети вкупно 307 прозорци и врати што ќе овозможи поквалитетно одвивање на наставата и подобрување на енергетската ефикасност.

„Сметам дека целиот процес се одвиваше многу успешно, објективно, со голема активност од сите структури, како од граѓаните, наставниците и претставниците на општината", ни рече Доне Николовски, претседател на Сојузот за превентива од алкохолизам, никотинизам и наркоманија на Македонија. „Сметам дека и понатаму граѓаните треба да бидат вклучени во одлучувањето и развојот на општината", додаде тој.

Вкупната сума на проектот изнесуваше околу 7,5 милиони денари, обезбедени од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ). Македонскиот центар за меѓународна соработка го водеше целиот форумски процес.

На последователната форумска сесија, на присутните, им се обратија Миодраг Колиќ, од Единицата за координација на форумите во име на СДЦ, Димче Митрески, раководител во МЦМС и Марјан Келемен во име на општина Аеродром.

## Промовиран извештајот „Злосторство без казна"



*Од промоцијата на Злосторство без казна*

На 13 октомври 2010 година, во х. Континентал во Скопје, МЦМС го промовираше Извештајот за борба против корупцијата и организираниот криминал во Бугарија „Злосторство без казна". Извештајот го подготви Центарот за проучување на демократијата од Бугарија.

Извештајот констатира забавување на антикорупциските напори во првите две години од полноправното членство на Бугарија во Европската Унија. Но, забележани се и неколку позитивни трендови.

„Македонија постојано работи на зајакнувањето на правната рамка за борба против корупцијата и на континуирани реформи во судството, а ги има и ратификувано сите конвенции на ОН и Советот на Европа", рече Снежана Мојсова од Министерство за правда.

Според Мариа Јорданова, директор во Центарот за проучување на демократијата, по зачленувањето на Бугарија во ЕУ, бугарската влада ја имала главната улога во дистрибуцијата на европските фондови, била примамлива за сите, и за политичарите и за бизнисмените, и создавала услови за злоупотреба на фондовите за лични цели. Таа смета дека извештајот може да биде корисен за Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ.

„Во Македонија има добри предуслови за борба против корупцијата и солидна правна рамка", рече Илми Селами, претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата. Сепак, тој смета дека нема вистинска волја кај институциите за борба против корупцијата.

Според Душица Перишиќ, извршен директор на ЗЕЛС, станува збор за „евентуално 2,7 отсто учество на општините во целокупната корупција во Македонија. Но сепак", рече таа, „ние не ја занемаруваме оваа бројка и правиме напори да се спречат коруптивните дејства".

„Општините и граѓанскиот сектор не се перцепирани како клучни носители на корупцијата во Македонија. Предупредувањето од Бугарија, дека може да станат цел на коруптивните сили, треба да се земе предвид и да се направи се што е можно да го спречиме тоа", рече Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС.

Ре-издавајќи го овој извештај, МЦМС сака да придонесе кон анализа на политики и расправи за битни општествени прашања со фокус на корупцијата.

## Трета размена на искуства меѓу Македонија и Северна Ирска



*Од средбата во ЗЕЛС*

Од 25 до 29 октомври 2010 година се одвиваше третата по ред посета за размена на искуства меѓу Македонија и Северна Ирска, дел од проектот МОСТ – граѓанско лидерство преку меѓународен дијалог. Посетата беше фокусирана на искуствата од функционирањето на локалната самоуправа, особено во општините зафатени со конфликтот од 2001 година.

Делегацијата од Северна Ирска ја сочинуваат 12 претставници на округот Омаг од Северна Ирска и на градот Слиго од Република Ирска. Меѓу нив имаше советници од општините, директори на дел од службите и граѓански активисти.

За Џо Леонард, претседавач на советот на Слиго програмата обезбедила балансиран поглед и искуство на добро раководена локална самоуправа во Македонија. „Го идентификувавме предизвикот на испорака на услугите во поделено општество. Испораката на тие услуги на демократски начин, открива поддршка на мнозинството и малцинството и исто така открива институционални, административни и финансиски разлики. Генералниот впечаток е дека непристрасноста е најважниот стандард и основно барање на граѓаните", вели тој. Според него фрустрациите најчесто растат заради финансиски ограничувања и се артикулираат како етничка доминација. „Политичката корупција", вели Леонард „се чини дека е проблем во донесувањето на одлуките и во процесот на финансиска алокација", додава тој.

Делегацијата од Северна Ирска и од Република Ирска имаше средби во Министерството за локална самоуправа, Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), во општината Тетово, Универзитетот на Југоисточна Европа, во општина Теарце и во општина Јегуновце.

МОСТ е проект за учење и вмрежување и има цел да ги адресира прашањата на поделба преку создавање и развој на меѓународни врски, размена на добри практики и зајакнување на локалните медијатори со меѓународно искуство.